**316.323.72:39**

**Маргарита Карамихова (Бугарија)**
**Оддел за нова и најнова историја на Бугарија**
**Универзитет Велико Трново, Бугарија**
**E-mail: karamihova_m@abv.bg**

## НЕКОИ РОДОВИ АСПЕКТИ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ

**Апстракт:** Написот претставува краток преглед на резултатите од проучувањето на динамиката на женската долна облека во времето на социјализмот во Бугарија. Изборот на темата за истражување е инспириран од концептот дека ставовите кон жените, женските тела и сексуалноста на жените може да се откријат преку динамиката на нештата. Проучувањето на долната облека во контекст на идеологијата и секојдневниот живот може да ни помогне да откриеме многу невидливи карактеристики на секојдневниот живот за време на социјализмот. Авторката силно верува дека таквата компаративна студија е навремена и неопходна да се развие во сите земји од поранешниот Советски блок во смисла на откривање сличности и разлики во идеологиите, економиите и политиките.

**Клучни зборови:** социјализам, род, идеологија, долна облека.

### Рамка

За 30 години, може да се очекува дека студиите за социјализмот се веќе наполно развиено научно поле со јасно дефинирани временски, просторни и тематски граници. Сега имаме значителен број истражувања и од научници што потекнуваат од постсоцијалистички земји и од истражувачи од остатокот на светот. Сепак, дури и едноставното пребарување на интернет покажува дека, со многу малку исклучоци, истражувањата остануваат евроцентристички. Од многу причини што се надвор од опсегот на оваа студија, земји како Кина, Виетнам, Куба итн. се вклучени само случајно во она што научниците го нарекуваат постсоцијализам, имајќи го предвид просторот на поранешните социјалистички земји. Новиот проект, именуван „Постсоцијалистички и компаративни студии на меморија“ – (PoSo-CoMeS), има мисија да ги обедини напорите на научниците од целиот свет и да создаде база на податоци за постоечките истражувачки наоди (Robbe 2019). Навистина, неопходно е да се создаде заедничка база на податоци за овие студии со цел да се идентификуваат проблемите што не се доволно истражени, која ќе послужи како основа за компаративни студии.

Според академската традиција во Бугарија, етнологијата е дел од историските дисциплини. Познавањето на историскиот процес ни дава

сигурна рамка и ја збогатува нашата алатка за теории. За оваа студија, важно е прво да се согледа историскиот пристап кон минатото на социјалистите. Историчарите развиваат главно два пристапа кон т.н. неодамнешно минато: *тоталитаризмот* наведува дека во тоталитарните земји приватниот живот не постои. Тоталитарната култура е култура на колективноста, а не на поединецот. Затоа, студиите треба да бидат насочени кон влијанието на државата и партијата врз сите процеси во општеството. Така, аспектите на секојдневниот живот остануваат надвор од научното внимание. Другиот пристап е оној на *ревизионизмот*. Тој тврди дека државата ги контролира јавните и приватните сфери. Приватниот и секојдневниот живот треба да се изучуваат според нивниот квалитет на просторите каде што луѓето ги приспособуваат идеолошките догми и/или им се спротивставуваат. 30 години по распадот на социјализмот, етнолозите изготвиле карта од главните полиња што треба да се изучуваат. Нашите интереси се насочени главно кон влијанието на политиките на комунистите врз идентитетот, религиозноста, малцинствата, сеќавањето и заборавањето, структурите на општеството, секојдневниот живот, полот. Се чини дека повеќето од етнолозите го користат ревизионистичкиот пристап.

Оваа статија е фокусирана на едно релативно ново поле на родови студии – долната облека, истражена во контекст на идеологијата и секојдневието за време на социјализмот. Додека барав студии за долна облека, ја најдов импресивната книга на Олга Гурова на истата тема (Гурова 2008). Во „Советската долна облека: од идеологија до секојдневие“ акцентот се става на контекстот, имено на проучувањето на идеолошкиот контекст во кој егзистирале луѓето и предметите; се вели дека работите се појавуваат во културата и се здобиваат со карактеристики не на случаен начин, туку тие се предмет на идеолошка конструкција (Гурова 2008: 4). Тука ја позајмуваме идејата на Алтисер, која вели дека идеологијата е систем на концепти, идеи, митови и слики што им помагаат на луѓето да ја оценат сопствената слика за светот (Althusser 2000: 31–38). Така, идеологијата може да се извади од политичкиот контекст и да се пренесе во контекстот на масовниот дискурс – идеите и перцепциите на општествената (социјалистичката) реалност.

Во социјалистичките култури, догмите и перцепциите на официјалните идеологии честопати не се идентични со перцепциите и практиките на самите луѓе (Creed 1998; Гурова 2008). Затоа проучувањето на секојдневниот живот станува сè поважно. Проучувањето на долната облека во контекст на идеологијата и секојдневниот живот може да ни помогне да покажеме многу невидливи карактеристики на секојдневниот живот за време на социјализмот. Од една страна, долната облека ги содржи сите аспекти на социјалистичкото масовно производство. Нејзината застапеност во масовниот дискурс ги одразува ставовите на јавноста кон телото, голотијата, сексуалноста и хигиената. Од друга страна пак, долната облека е најинтимната сопственост на една личност и може да ги открие личните емоции и обидите да ја направат дел од приватниот живот (Гурова

2008: 6). Поради ограничениот обем на статијата ќе се намали и бројот на проблемите што ги презентирам.

## Метод

За ова истражување може да се примени цела палета на методи за прибирање на емпириски информации. Започнав со собирање и анализирање на достапни документи: државни документи, стандарди за регулирање на индустријата и хигиената; женски списанија; фотографии; постери и брошури. Секако, водечки метод беше етнографијата. Спроведов структурирани интервјуа со 45 жени на возраст од 40 до 87 години со различно образование, професија, етничка и религиозна припадност, кои живеат во различен вид населени места (големи градови, мали градови и села).

Како жена родена во втората половина на 50-тите години, јас сум сведок и дел од културата на бугарскиот социјализам. Затоа беше неизбежно да се примени методот на автоетнографија. Овој метод се засновува на културна анализа и интерпретација на однесувањето, мислите, чувствата и искуствата на истражувачот поврзани со оние на другите во општеството. Истражувачот го истражува сопствениот живот и перцепција на светот, во кој тој/таа, заедно со другите (и исто како нив), го гради светот околу него/неа како самообјаснувачки и непроблематичен. Во оваа смисла, автоетнографијата е меѓусебна поврзаност помеѓу личноста на истражувачот и културата на која ѝ припаѓа, што го поврзува искуството на поединецот со социјалниот контекст (Chang 2007: 207–221).

## Краток преглед на женските списанија

Женските списанија можат да се сметаат како идеолошки институции контролирани од државата, одговорни за пренесување на општата идеологија. Тие создаваат и нудат конкретни слики во даден контекст на културата.

Од една страна, овие слики ја претставуваат идејата на државата за улогата на жените во општеството. Од друга страна, тие служат како модел за жените. Познато е дека медиумите ја обликуваат реалноста повеќе отколку што ја рефлектираат.




„Жената денес“, 1946 г.

Според болшевичкиот модел, уште во 1944 година, комунистичката влада ја промовираше новата слика на руралните и урбаните жени преку новосоздаденото, силно контролирано списание „Жената денес“. Пропагандата требаше да ги промовира новите вредности и новата слика на „социјалистичката жена“ = „градителка на комунизмот“, еднаква на Мажот. Нејзината нова мисија не остави никаков простор за искажување на сексуалноста. Модерната облека, шминката и модерната фризура беа стигматизирани како остатоци од претходниот режим. Жените од работничката класа и селанките, кои култивираа земјиште и беа лишени од приватна сопственост, мораа да ја напуштат нивната женственост. Сепак, новиот социјалистички концепт за родот ја одржуваше во живот традиционалната стратегија за силна контрола врз сексуалноста на жените. Може да се претпостави дека оваа контрола вклучувала и контрола врз долната облека. Општата идеја е дека треба да биде практична и ослободена од непотребни украси.

Но, колку далеку достигна ова отфрлање? Да ги разгледаме повторно женските списанија, кои традиционално објавуваа модели на модерни производи.



*Ефектно плетено бельо*

ТОПЛА ДОМАШНА БЛУЗА

Подробни указания за начина на плетенето могат да се получат при поискване от редакцията само срещу 10 лева пощенски разноски. За останалите плетива указанията са дадени на 23 стр.



**БЕЛЬО ЗА ЖЕНАТА**

**1.** Нощница, комбинирана от два плата, гарнирана с къдрички на пластрона. Кройката за 100 см. гръдна обиколка е дадена в прибавката, фигура 1.

**2.** Комбинизон, гарниран на полите и корсажа с широко бие от пъстър плат.

**3.** Сутиен, изработен от плат и дантела. Кройката е дадена, фиг. 2.

**4.** Комбинизон, изработен от памучен или копринен плат. Кройката за 100 см. гръдна обиколка е дадена в прибавката, фиг, 3.

**5.** Килоти, изработени от копринен или памучен плат.

**6.** Килоти, изработени от копринен или памучен плат. Кройката е за 112 см. обиколка на ханша, е дадена в прибавката, фиг. 4.

**7.** Пижама, изработена от кариран памучен или копринен плат.

**ОТ СТАРО НОВО**

**31.** Жилетка, изработена от стари дрехи. Кройката за 96 см. гръдна обиколка е дадена в прибавката, фиг. 7.

**32.** Пола, изработена от стар мъжки панталон. Кройката за 108 см. обиколка на ханша е дадена в прибавката, фигура 8.

„Жената денес“, 1947 г.

Изненадувачки, некои од моделите препорачани за социјалистичката жена ја следат „буржоаската мода“. Како да се толкува предложениот моден изглед на скриената облека?

Тука треба да додадеме некои демографски и економски податоци. Модернизацијата на бугарското општество започна релативно доцна – во втората половина на 19 век. Доста подоцна, процесот на урбанизација започна во раните години од 20 век. Пописот од 1946 година покажа дека 75,3 % од населението живее во селата, а само 24,7 % живеат во градовите. Индустријата, вклучително и индустријата за облека, беше релативно неразвиена, а куповната моќ на голем дел од населението беше исто така мала. Традиционално, земјоделското општество се карактеризира со ниско ниво на резерви и се стреми да произведува дома сè што е потребно, вклучително и облека. Традиционалната народна носија не содржи долна облека. Женските и машките кошули играат улога и на долна облека. Во урбаните елити, долната облека се појави со отворањето на новоослободената нација-држава кон европските пазари и модата на крајот на 19 век. Во селата, долна облека почна масовно да влегува во периодот меѓу двете светски војни, но има места каде што луѓето не користеа долна облека до 1950-тите години (Карамихова 2010).

Еве приказна поврзана со првите гаќички што доаѓаат во селото:

> *Можам да ви кажам многу интересна приказна раскажана од познат мој доктор. Кога бил млад гинеколог, лекарите биле испраќани во селата во 1960-тите за да спроведат организирани превентивни прегледи за жени што работат во земјоделството. Тој отишол во село близу Бургас, Камено. Жените доаѓале во руралниот здравствен центар: секоја влегувала поединечно со нови розови гаќички. Лекарот ѝ рекол на акушерката: „Погледнете ги, сите купиле нови гаќички за докторот“. Во еден момент, сепак, следниот пациент доцнел. Лекарот ја отворил вратата за да ја покани да побрза и што видел: во ходникот, една од пациентките ги вадела розовите гаќички и ги предавала на следната за да ги облече. Тие биле толку сиромашни (или едноставни) што собрале пари заедно за да купат само еден пар „за докторот“* (Ж, родена 1952 година, село).

**Домашно направено**

Машините за шиење се појавуваат во градовите и селата меѓу двете светски војни. Воспоставениот систем на училишта за девојчиња обучува млади Бугарки да шијат за да можат да сошијат и да ја поправат облеката за своето семејство. За многу жени, шиењето облека дома станува (втора)

професија. Ова ја објаснува практиката на објавување шаблони за шиење во модните списанија. Во еден број од списанието „Жената денес“ од 1948 година, најдовме шаблони за шиење на долна облека.



ЦЕНОРАЗПИС:

ДАМСКО

| | |
|---|---|
| Палто | 150 лв. |
| Костюм | 150 лв. |
| Рокля | 140 лв. |
| Пола | 60 лв. |
| Блуза | 70 лв. |
| Престилка | 100 лв. |
| Кухненска престилка | 60 лв. |
| Винтяга | 120 лв. |
| Пенюар | 120 лв. |
| Нощница | 80 лв. |
| Пижама | 140 лв. |
| Халат | 120 лв. |
| Комбинезон | 60 лв. |
| Гащи | 40 лв. |
| Сутиен | 40 лв. |
| Сентюр | 40 лв. |

МЪЖКО

| | |
|---|---|
| Престилка | 100 лв. |
| Халат | 120 лв. |
| Винтяга | 120 лв. |
| Пижама | 140 лв. |
| Риза | 80 лв. |
| Гащи | 40 лв. |

ДЕТСКО до 15 г.

| | |
|---|---|
| Палто | 110 лв. |
| Костюм | 110 лв. |
| Рокля | 100 лв. |
| Блуза | 50 лв. |
| Пола | 30 лв. |
| Престилка | 80 лв. |
| Пижама | 70 лв. |
| Нощница | 60 лв. |
| Гащиризон | 60 лв. |
| Гащи | 30 лв. |

Цената на увеличените модели на ръкоделията и плетивата ще се съобщава в списанието при самия модел.

Поръчките се предплащат, като за моделите, които ще се изпращат за провинцията трябва да се доплаща и по 10 лв. за пощенски разноски. Всички поръчки се изпращат препоръчани. Исканията да се отправят до редакцията на сп. „Жената днес“ — София, ул. Раковски 157. Сумите се изпларат по чекова сметка 3084. Редакцията е отворена всеки присъствен ден преди обед от 8 до 12 часа и след обед от 1 до 4 часа. Едновременно с изпращане на сумите съобщавайте в редакцията с писмо, за какво се отнася сумата и кой модел се иска. Редакцията не изпълнява поръчки за модели с наложен платеж.

Просечниот приход во 1948 година е 10 110 лева. Еден шаблон за гаќи или градник чини 40 лева, а испораката е 10 лева. Ова значи дека секоја жена може да си дозволи да купи шаблон за кроење и да создаде долна облека според стандардите. Се сеќавам дека копирав шаблони за облека на еден весник и ги разменував. Претпоставувам дека истото го правеле и со шаблоните на долна облека, затоа што парите не биле доволни во повоената социјалистичка Бугарија. Сè уште очекуваме историчари и економисти да ја проучуваат паралелната економија во социјализмот, која се состои од малопродажба, шиење дома итн. Како дете, имав навика да собирам копчиња од застарена облека и љубоморно ги чував сите тантели и апликации, навика што ја одржувам дури и денес. Никогаш не сум видела домашна постелнина од раниот социјализам, но можам да претпоставам дека не била убаво украсена.




Женски херој на социјалистичкиот труд, 1950 г.

## Скриена рамноправност

Во контекст на новото општество, сопственоста (вклучително и на долна облека) не смееше да ги разликува луѓето. Нивните утилитарни функции требаше да бидат единствените важни функции во општеството во кое „сите се еднакви со другите“. Според моделот на сталинистичкиот СССР, социјалистичката „мода“ требаше да биде едноставна, лесна, не скапа и корисна. Овој концепт ја отсликуваше неразвиената индустрија во Бугарија, како и во земјите на СЕВ (COMECON)[1]. Естетиката на социјалистичката долна облека не беше ориентирана кон пазарот. Беше скоро невозможно да се најде реклама за долна облека во женски списанија или во продавници.

1 Советот за заемна економска помош – СЕВ (COMECON) беше економска организација од 1949 до 1991 година под раководство на Советскиот Сојуз што ја сочинуваа земјите од Источниот блок заедно со голем број комунистички држави од други области во светот (Kaser 1967).

Тоа не е само поради монополот на државната индустрија, за која не беше потребна реклама. Долна облека со добар квалитет беше речиси невозможно да се најде во продавниците.

Не можевме да најдеме реклами во кои беше нацртано телото на жената во долна облека. Честопати имаше само цртежи на делови од телото или само долна облека. Тоа беше карактеристично за тој период низ целиот свет. Џил Филдс пишува за „невидливата жена“ во рекламите (Fields 2007). Ваквата состојба на нештата ја објаснува изненаденоста и свежите сеќавања за првите средби со непозната луксузна долна облека или за рекламирање на долна облека.

> *Јас за прв пат ги видов гаќичките за кои сонував во куќата на мојата сосетка, која беше Русинка. Јас не бев единствената што се восхитуваше на нејзината долна облека, туку и сите мажи од соседството, затоа што ги обесуваше гаќичките и градниците на терасата на многу демонстративен начин. Тогаш за прв пат видов костим за капење. За прв пат видов моден магазин во кој има полуголи жени само со гаќички, а во главата не ми влегуваше како тоа беше можно* (Ж, родена 1956 година, мал град).

Измислената социјалистичка етика ја поддржуваше перцепцијата за периодот на раната модернизација дека само дамите со мала морална вредност носат луксузна долна облека и само тоа го покажуваат. Еве друго сеќавање:

> *Случка од детството 1: Наидов на списанието Некерман. Јас веројатно бев III или IV одделение. За прв пат гледам обоена долна облека. Јас сум воодушевена. Земам од една фиока со остатоци од ткаенини едно парче, сечам цвет со ножици и го шијам на моите бели гаќички од предната страна под папокот. Трчам да се пофалам на баба ми, и кога ме виде, изнервирано извика: „Изгледаш како курва“. И за прв пат го слушнав тој збор. Ја прашувам што значи тоа, и таа не ми одговара* (Ж, родена 1964 година, голем град).

Во образованието на девојчињата контролата над сексуалноста е всадена преку идејата за здраво облекување:

> *Првите модерни гаќички ги купив сама. Тоа беше кога веќе одев на училиште. Тие беа розови, и јас ги носев тајно додека мајка ми не ги најде. Таа ми укажа дека сум мала за таква долна облека и ми објасни дека „оваа тантела и овој најлон“ не се здрави. Ме натера да размислувам толку многу што дури и сега купувам само памучна облека. Тие*

*ми беа омилени затоа што беа модерни, убави и плитки, не како другите што скоро ми стигнуваа до градите. Мајка ми постојано велеше дека мора да бидат длабоки за да ми ја чуваат половината* (Ж, родена 1965 година, мал град).

Како што видовме, непристојно беше дури и да се суши долна облека на балконот. Тоа го задржа статусот на нешто приватно, скриено, срамно. Интервјуата покажаа дека да се држи долната облека скриена, особено гаќичките, е постојан императив дури и за генерациите родени во 70-тите години. Парадоксалното однесување на младите беше во тоа што требаше да носат црни шорцови врз гаќите:

*Беше апсолутно неприфатливо да се видат бели гаќи на училиште. Ако тоа се случеше, несреќната девојка тогаш ќе станеше предмет на исмевање. Затоа одевме со црни шорцови за спорт над белите гаќички, без разлика дали имавме или немавме фискултура. Едвај можам да го опишам чувството на доверба и смиреност што ги даваа црните шорцови* (Ф, родена 1956 г., голем град).

Но, може да има друго објаснување за двата пара гаќи.



1961 г.

Незгодна, грда и тешка за одржување, долната облека се чинеше дека има цел да ги поучува малите дека на ова парче облека не треба да му се посветува посебно внимание. Парадоксално, модерните идеи за челичење на телото за да издржи студено време, во бугарскиот случај, беа комбинирани со идејата дека една девојка треба да биде облечена со топли гаќи.

> *Ги мразев волнените панталони што ми одеа над гаќичките. Тие постојано ме боцкаа и ме чешаа. Оттогаш сум алергична на волнена облека* (Ж, родена 1955 година, главниот град).

Класификацијата на облеката следеше структура од 3 дела: за дома – за работа – за службени пригоди. Оваа класификација важеше и за долната облека. За дома или за тешка и валкана работа, социјалистичките жени користеа стара и носена облека, а долната облека можеше да биде и искината. Новата и поубава долна облека се чуваше во случај на посета на лекар – единствената социјално дозволена пригода за нарушување на приватноста и (можеби) покажување на долната облека.

> *Секогаш имаше нова долна облека дома за одење на лекар или за патување ако некој мора да спие во заедничка просторија каде што некој може да види што има под облеката. На екскурзија, кога беше задолжително спиење во интернати, и немав доволно пара убава долна облека, одев во гардероба дури и за да ја облечам мојата ноќница. Не ми беше пријатно да ме гледаат со грубата долна облека, но таа беше единствената што ја имав* (Ж, родена 1960 година, мал град).

## Лесниот ветер на промените

Во втората половина на 1950-тите беше прогласено дека социјализмот победи во сите земји на Советскиот блок. Времето на просперитет што го ветија комунистите полека доаѓаше. Во раните 60-ти години настапија нови ставови кон женската убавина и сопственост како резултат на бавниот развој на кројачката индустрија насочена да се покаже благосостојбата на социјализмот. Идеалот на младо и тенко тело беше полека измислен во општеството, а индустријата соодветно реагираше.

Иако модернизацијата на затвореното општество е бавна, постепено се појавуваат нови професии што им стануваат достапни на жените.

Сликата на новата социјалистичка жена – млада, убава, образована, вредна – постепено се развива.





Глумици, новинарки и



образовани лабораториски техничарки

За разлика од Југославија што ја имаше познатата Јованка Броз, бугарските жени што ја формираа комунистичката елита не беа ниту елегантни ниту импресивно убави. Ниту една од нив не беше стандард за елеганција. Меѓу испитаничките нема претставнички на овие елити, поради што не можеме да откриеме дали овие жени купувале и долна облека од бугарските продавници. Можеме само да претпоставиме дека тие купувале облека кога патувале во странство. Но, повторно, долната облека во социјализмот беше скриена, тајна, а елитата во никој случај не го демонстрираше тоа.

Во 1960-тите се случи специфична сексуална револуција во Бугарија. Прогласената рамноправност со мажите, можноста жените да имаат свои кариери и добро образование, дозволениот абортус и првите контрацептивни средства ја поставија рамката за сексуална слобода на жените. Се разбира, строгата семејна, идеолошка и полициска контрола не дозволи да се развие одредена супкултура како хипи движењето. Уште во 50-тите години на минатиот век, младите луѓе што беа облечени по „буржоаска мода“, кои имаа брада или кратки здолништа беа казнети во работни логори. Функционираше културата на страв што ја градеа комунистите во раните денови на нивното владеење. Сепак, релативно унифицираниот

изглед на младите ја маскираше новооткриената сексуална слобода. Како дел од контролата на слободното време и можноста за индоктринација за време на собирите, за време на раниот социјализам беше воспоставен систем на работни бригади за млади. Бригадирското движење беше широко рекламиран систем за искористување на слободната работна сила, особено во ослабеното земјоделство. Повеќето испитаници го наведуваат времето поминато во земјоделство со други млади луѓе како време за стекнување сексуално искуство и надвор од контролата на нивните родители. Оваа специфична сексуална револуција е поврзана и со зголемената побарувачка за поубава долна облека од страна на младите жени.

## Претходните граници

Сите интервјуа покажаа дека постои силна граница на родово дефинирани кругови во кои е дозволено да циркулираат информации за долната облека. Тоа беше само женски разговор и грижа. Во пракса, мажите не требаше да гледаат долна облека, освен онаа на сопствената сопруга. Сепак, недостигот на луксузна долна облека предизвика многу преминувања на границата – таткото што патува во странство е една од постојаните слики во спомените поврзани со првата „нормална“ долна облека што ја поседуваа:

> *Не знам кога прв пат носев луксузни гаќички, но мора да беше во раниот пубертет. Татко ми редовно патуваше во Виена и Регенсбург (со бродовите по Дунав), и носев увезена долна облека, како и чорапи што никогаш не сум ги видела во Бугарија. Интересно беше што тој ни купуваше долна облека од Австрија или Германија – за мене, за сестра ми и за мајка ми, и секогаш долната облека беше со точна големина* (Ж, родена 1960 година, голем град).

И:

> *О, тоа е прекрасно сеќавање. Јас ги примив како подарок од една сосетка за мојот роденден. Бев во VI или VII одделение. Родена сум во лето и излегов во дворот со кутија слатки. Таа ме виде, зеде бонбона и ми рече да почекам некое време околу оградата. Отиде дома и ми донесе убави тантелени гаќички, кои не се продаваа никаде во Бугарија во тоа време, па дури и да се најѓаа, моите родители никогаш немаше да ми купат. Тие беа бледожолти, проѕирни, многу убави. Синот на сосетката беше фудбалер, честопати одеше во странство, тој сигурно ги купил, и таа ми ги даде. Се сеќавам дека бев толку возбудена што влетав дома и возбудливо викав, покажувајќи ги гаќичките*

*на моите родители, а татко ми ме караше: „Како може да викаш така! Луѓето ќе мислат дека не си видела гаќички!“ Па, навистина не бев видела толку убава работа порано. Ги носев само во лето кога одев на плажа за да ме видат другите жени во соблекувалната* (Ж, родена 1964 година, село).

И:

*Но, бидејќи живеам во приморски град, тато имаше многу пријатели морепловци што патуваа зад Железната завеса и носеа увезена трикотажа, па имав можност да носам убава долна облека. Најчесто им нарачував што да ми донесат. Јас плаќав за долната облека, но еднаш ја добив како подарок* (Ж, родена 1955 година, голем град).

Првите продавници со луксуз, кои донесоа западни модни производи, создадоа сложени мрежи што поддржуваат многу специфични врски на реципроцитет, зависност и моќ. Се појави новата паралелна економија, која вклучуваше нелегално увезени стоки купени во странство или стока произведена во Бугарија во ограничени количини, со кои се тргуваше надвор од продавниците и кои секогаш им носеа дополнителен профит на продавачите. Во оваа паралелна економија се тргуваше и со фрижидери и долна облека. Интервјуата покажаа дека во доцните 80-ти може да се видат првите знаци на консумеризмот. Интервјуата покажаа дека младата генерација, родена кон крајот на 60-тите години, се приспособи на паралелната економија и почна да вложува повеќе време и пари во долна облека.

**Што да се направи**

Статијата накратко ги претставува првите резултати од проучувањето на динамиката на идеологијата на долната облека во контекст на социјалистичкото општество во Бугарија. Модернизацијата на бугарското општество, која е задоцнета во споредба со западниот свет, е комбинирана со комунистичката идеологија, која има за цел да го изедначи целокупното население на ниво на култура на сиромаштија и страв. Промените во комунистичката парадигма, како и промените во економијата и контролираната комунистичка отвореност кон светот, несомнено имаат влијание врз ставовите кон сексуалноста на жените и, конечно, врз ставовите кон женската долна облека. Убедена сум дека е важно да се истражат овие прашања исто така и во други постсоцијалистички земји. Разликите што очекувам да ги видам во поранешната ДДР, Југославија и Романија, како и во Кина, Куба итн., може да ни ги покажат подетално разликите во

социјалистичките земји. На крајот на краиштата, социјалистичкиот „Блок“ повеќе не треба да се смета за монолитен ентитет.

## Литература

Гурова, Олга. 2008. *Советское нижнее белье: между идеологией и повседневностью*. М.: Новое литературное обозрение.

Карамихова, Маргарита. 2010. *Етюд за „онези дни“ и петел (без крилца)*, http://ebox.nbu.bg/unclo10/view_lesson.php?id=177, пристапено на 24.09.2019

Althusser L. 2000. ‘Ideology Interpellates Individuals as Subjects’, in *Identity*: A Reader, Ed. by Paul du Gay at al L: SAGE PubL.

Chang, Heewon, 2007. „Autoethnography: raising cultural consciousness of self and others“, *Methodological Developments in Ethnography* 12: 207–221.

Creed, Gerald W. 1998. *Domesticating Revolution: From Socialist Reform to Ambivalent Transition in a Bulgarian Village*. Pennsylvania State University Press.

Fields, Jill, 2007. ‘The Invisible Woman Intimate Apparel Advertising’, in: *An Intimate Affair Women, Lingerie, and Sexuality*. 174– 216. University of California Press.

Kaser, Michael C. 1967. *Comecon: Integration problems of the planned economies*. Oxford University Press.

Robbe, Ksenia. 2019. ‘Post-socialist and comparative memory studies (PoSoCoMeS)’, https://www.memorystudiesassociation.org/wp-content/uploads/2019/05/PoSoCoMeS-newsletter-11.pdf, пристапено на 24.09.2019.